А) социјални (мир, правда, слобода, еднаквост, почит, неповредување на другите и застанување на страната на оние кои не можат сами да се бранат, одвојување на време за волонтирање во својата заедница, да се биде дарежлив и чесен кон другите, да се учествува во тимска работа и сл);
Б) политички (еднаков третман кон сите луѓе без разлика на нивната етнича, расна и религиозна припадност, како и сексуалната ориентација, патриотизам, отвореност кон нови видици и можности, почитување на правото и оние кои го спроведуваат, напорна работа за успех и сл.);
Б) религиозните вредности се однесуваат на очекувањата кои ги имаат луѓето за себе и останатите базирани на нивната вера. Иако секоја вера има свои верувања, сепак сите се однесуваат на тоа да се покажува сочувство кон оние на кои им е потребно, да се однесуваме кон другите како што сакаме да се однесуваат кон нас, континуирано духовно и интелектуално надградување, скромност, почит и ненасилно однесување во односите со другите);
Г) работните вредности ги вклучуваат сфаќањата и филозофијата на работата, финансиите, и како всушност ги трошите вашите пари. За децата, овие вредности подразбираат како тие се однесуваат кон училиштето и нивното образование (тимска работа, вложување максимален напор во работата/учењето, штедење, наоѓање начин за да се изразат идеите и креативноста, гордост кон постигнатото, образованието да биде приоритет, однос на почитување кон колегите, муштериите и авторитетите, да се има чувство дека нашата работа придонесува во општеството);
Д) моралните вредности се нашите индивидуални вредности за тоа што ние мислиме за она што е добро или лошо. Тие се основата врз која ги носиме нашите одлуки (чесност и благородност, храброст, трпеливост, издржливост, преземање на лична одговорност), и
Ѓ) рекреационите вредности се однесуваат на сите активности кои ја вклучуваат играта и забавата. Тие ја зајакнуваат блискоста во семејството, можностите за учење, создава спомени, се подобруваат социјалните вештини (организирање заеднички семејни забавни игри, организирање заеднички одмори и сл.).[7] Според Susie Duffy, семејството е конзистентна социјална заедница која се состои од родители и децата кои ги одгледуваат, а семејните вредности таа ги дефинира како вредности кои семејството ги развива и кои се основа за тоа како децата ќе учат, ќе растат и ќе функционираат во светот.[8]

Токму заради важноста која семејството ја има за развојот на децата, во овој труд ќе се разгледува семејството и семејните вредности како најважен сегмент од општеството во кој идните генерации се оспособуваат за фунционирање во рамките на истото. Оваа тема ќе се разгледува преку примери од современата македонска книжевност за деца и млади, при што ќе се задржиме на дела од македонската книжевност за деца и млади во кои ликовите/протагонистите покажуваат позитивни вредности во релациите со останатите луѓе. Преку ваквите ликови и дела, треба да им се помогне на децата и младите да градат релации во согласност со нивните

[7] http://family.lovetoknow.com/list-family-values, пристапено на 15.08.2015
[8] http://www.parentiq.com/news/DefiningYourFamilyValues.asp, пристапено на 15.08.2015

семејни вредности, да им помогнат да го разберат значењето на поддршката во семејството, и да препознаат како овие семејни вредности кои треба да се негуваат од најраното детство ќе им помогнат да надвладеат одредени пречки или предизвици со кои ќе се сретнат во понатамошниот живот. За таа цел, ќе се разгледуваат текстови во кои експлицитно се третираат теми од современиот живот и современото живеење, како развод на родители, посвојувања, пороците на денешницата, конфликти во семејството, смрт во семејството, периодот на адолесценцијата, улогата на постарите (родителите, бабите и дедовците) при негување на овие вредности и сл. Бидејќи книжевноста за еден од најефективните начини да се воспитуваат младите генерации, ќе се издвојат дела од современи македонски автори во кои се негуваат позитивните вредности, како толеранцијата, разбирањето, воспитанието, вниманието кон другиот итн.

## 3. Семејството и семејните редности во современата македонска книжевност за деца и млади

Најпрвин ќе се осврнеме на дела кои се сметаат за зачетоци на книжевноста за деца во Македонија, како што е „Автобиографијата" на Григор Прличев. Во ова дело се потенцира поврзаноста на членовите на семејството, особено на малиот внук Григор со дедото, кој му е учител во животот откако како мал останува без татко: „Дедо беше земјоделец, висок и белобрад старец, но трудољубив. Он секоја сабота просеше милостиња за затворениците" од каде се гледа дека дедото бил милостив човек кон намачените и сиромашните, но имал особено голема желба да го изучи внукот: „На Григора се надевам; и ти да се надеваш...Дај ми клетва оти ќе го прашчаш на училиште". На ист начин е опишана и борбата на неговата мајка да осигура леб за семејството, преку работа како измеќарка по туѓите куќи: „Милата носеше на главата еден уште мокар болјарски килим, од грамадна должина и ширина, здиплен in octavo килим кого маска со мака би го носела. Ми се раскина срцето. Кога ме виде, таа ги запре офкањата (46).[9] Односот на дедото кон образованието на внукот, советите кои му ги дава, грижата за семејството, беспоштедната работа на мајката која не се штеди за семејството, доволно говори за негуваните семејни морални и социјални вредности кои се негувале во ова семејство во 19 век.

Ако се осврнеме кон творештвото на некои од македонските писатели за деца и млади од првата повоена генерација, како Глигор Поповски, Ванчо Николески, Видое Подгорец и други, ќе се забележи дека во првата фаза од своето творештво сте тие ги преферираат и потенцираат семејните вредности, чесноста, трудољубивоста, меѓусебната почит и сл. На пример, во својот роман „Бојан", Глигор Поповски, преку приказната за детето кое останува само во колибата на деда си во планината да се грижи за животните и за себе преку зима, ги поучува младите читатели на негување на чувството за лична одговорност, но и грижа за другите. Таму, Бојан „поминува низ многу искушенија што во секој миг му се закануваат од белите широчини на планината, од тоа ,,за очи чудесно убаво бело зло", со волчешки завивања, кучињата Стрела и Караман, срнчето Кротка и, над сè, со одважноста на Бојан, а би рекол и со неговата снаодливост и мудрост, во сè да

[9] Григор Прличев, Сердарот. Автобиографија, Матица македонска, Скопје, 2003.

учествува и од сè да излезе како победник! Бојан е победник бидејќи е многу голема неговата љубов спрема убавините, тајните и опасностите на планината“.[10] Битката за опстанок во убавата и опасна планина, Бојан на моменти како да ја губи.Таа борба, иако неуспешна, ќе му ги тргне на момчето мислите од секојдневните грижи и проблеми и ќе ги изгони стравот и неспокојството. Работата и советите кои ги добивал од деда си и мајка си претходно, ќе му помогнат на Бојан да си ги разбистри мислите и да ја задржи присебноста во клучните моменти. Во тој контекст и Душко Цацков истакнува дека романот ,,Бојан“ „содржи хуманистичка нагласеност. Имено, според него, во ова дело, Глигор Поповски, уште еднаш, настојува да ги глорифицира добрината и справедливоста и да го одреди нивното место во животот на луѓето“.[11]

Во „Сказна за Вилен“[12] се потенцира активниот однос кон трудот, и преку сказновидната рамка за потрагата по виножитото кое треба да подари невидено богатство, се поучуваат младите генерации дека среќата во животот не се постигнува преку ноќ и набрзина, туку само со труд и работа: „Вилен беше среќен-пресреќен, зашто можеше да печали за себе и за својот пријател... За ѕуницата Вилен веќе не сакаше ни да мисли. Во заедничкиот живот со стариот рибар, во кој израсна и сфати многу нешта, тој разбра нешто најважно: среќата и богатството се спечалуваат само со труд. Патем си купи убав коњ, токму таков каков што постоеше во неговите дамнешни детски желби (43-44).

Веќе во романот „Заборавениот колосек“ од истиот автор, како резултат на социјалните глобални промени, почнуваат да навлегуваат и други теми, како распад на семејство, дисфункционално семејство и сл. Главниот јунак, Јанко, заради неморалниот живот на мајка си, додека татко му е во странство, го напушта домот и во знак на револт избира да живее на улица, како бездомник. За среќа, таму не е препуштен сам на себе и среќава и други несреќници како него, кои нема да дозволат да го завлечат негативните влијанија и пороците, па преку еден активен однос кон работата (бараат од него да работи, да печали за да си го плаќа живеењето во заборавениот вагон на железничката станица), го оспособуваат за животот: „Чудно е колку еден несреќник може да му помогне на друг и што само еден несреќник може да разбере и да сфати друг несреќник, па да го поткрепи, да го поткрене ако потклекнал (73)[13]. Преку развивање и негување на чувството за социјална правда, сочувство, авторот ги воспитува младите поколенија на хуманост.

Романот „Белото циганче“[14] од Видое Подгорец открива трагична тема на дете останато сираче во војната, дете кое било посвоено од циганска черга. Останувајќи без родители, во некои од виорите на последната војна, стариот и добар баба Мулон, циганин, го посинил како свое дете, го сакал и како свој единствен родител и со своите совети го упатил на вистинскиот пат, да не се оддаде на просјачење и кражби. Во овој пример на посвојувачко семејство, според

---

[10] Миодраг Друговац, *Книжевност на безусловниот континуитет*, во кн. *Македонската книжевност за деца и младина*, Детска радост, Скопје, 1996, стр. 238.
[11] Душко Цацков, *Литература за деца и млади*, НИО „Просветен работник“, Скопје, 1982, стр. 123.
[12] Глигор Поповски, Сказна за Вилен, во кн. Сказни, Детска радост, Скопје, 1984.
[13] Глигор Поповски, Заборавениот колосек, Детска радост, Скопје, 2001.
[14] Белото циганче, Видое Подгорец, Култура, Скопје, 2001.

погоре кажаното, таткото-посвоител со искрена родителска грижа го оспособува младиот Таруно за животот. За разлика од него, како член во семејството е сопругата на Баба Мулон, старата Хенза која кон малото најденче покажува невидена нетолеранција и омраза. Тоа најпрвин доаѓа до израз во разговорот на старата Хенза со Баба Мулон, при што нејзината омраза кон детето Таруно добива чудовишни размери: „Ајде, додека е уште мал – избркај го! Попусто ни го јаде лебот...Ако не го избркаш, јас, со мои раце ќе го отрујам, ќе го ослепам...Со врела вода ќе му ги попарам...“ (14-15). Нејзините зборови на омраза и жед за нанесување болка на Таруно кај Баба Мулон раѓа бунт  и заштитнички однос кон Таруно, па од тие причини  тој ѝ се обраќа со зборовите „Змијо, змијо...да те нема...Отровнице“ (16). Посебно внимание во овој роман заслужува односот на селаните (возрасни и деца) кон Циганите како кон народ кој нема свој дом, свое родно огниште, луѓе кои питаат по селата или се занимаваат со разни криминални дејанија. Притоа, во обраќањето кон Циганите и за нивна квалификација, селаните користат многу зборови (аугментативи и пејоративи) со погрдно значење: „Ѓупчишта“, „Ѓупчиња“, „Веќе се накучиле под врбине“, Ќе ни ја поцрнат водата“ (26); „Ајде Ѓупци, собирајте си ги парталите и – магла! Да ве нема оттука! (27); „...крадци...“(60), итн.

Романот „Волшебното самарче“ од Ванчо Николески открива семејство со еден родител-мајка и едно дете, зашто таткото загинал за време на војната која сѐ уште трае. Улогата на глава на семејството ја презема малиот Трајче кој со своето коњче се грижи за семејството, но и суровоста на животот ќе го научи активно да се вклучи во борбата за слобода на својот народ, така што семејните вредности кај овој лик се на највисоко можно ниво, и тоа како социјалните вредности, така и моралните, а пред сѐ патриотско-политичките.

„Големи и мали“ е роман од Бошко Смаќоски и во него верно и сликовито се прикажани кавгите меѓу возрасните на една улица. Тогаш како сета нетрпеливост да доаѓа до израз и на показ излегуваат сите маани, недостатоци и неморални појави на жителите од улицата „Караорманска“. Таа улица, всушност, е и „главен лик во романот, лик од кој се одгласуваат и добрините и лошотилаците на една препознатлива градска периферија“. Таму живеат возрасни луѓе „коишто се заболени од малограѓанска злоба, инфантилна ароганција, примитивна нетрпеливост, општествена деструкција и морални престапи“[15] и како такви се пројавуваат и низ секојдневните вербални пресметки: „куче валандовско“ (175), „куче касапско и некултурно“ (177), „Простаци!“ (2013), итн.

Во романот „Бубреже“[16] од Ката Мисиркова-Руменова се третираат современи социо-општествени, културни и морални прашања од денешницата, а кои се реперкуираат врз современото семејство, предизвикувајќи губење на работа, беспарица, штрајкови, разводи, дрога итн. Главниот лик, девојката Елена никаде не може да го најде својот мир, ни дома, ни во врската со Којдан.првиот немир и изместување од сигурното лежиште во семејството и лежерното секојдневие го внесува доаѓањето на тетка ѝ Роза, која се враќа дома по третиот развод: „Таа личеше на брана. Една пукнатина ако се појавеше, од некаде ќе истечеше големата вода и ќе поплавеше сѐ. Една искра да летнеше од нејзиното огниште, ќе изгореше

---

[15] Миодраг Друговац, Македонската книжевност за деца и младина, Скопје, Детска радост, 1996.
[16] Бубреже, Ката Мисиркова-Руменова, Детска радост, Скопје, 2001.

од сувото и суровото (50). Единствено место каде се чувствува како своја и далеку од сè, е тениското игралиште на кое младите се дружат и рекреираат. Третирајќи вакви современи теми, авторот ги пласира предупредувачките тонови до општеството за правецот во кој се движи развојот на младата личност, препуштена на денгубење, а единствен спас од тоа е активноста, спортот и новите пријателства.

Во романот „Улица“[17] од Славко Јаневски, групата млади момчиња, чие главно пребивалиште е улицата, го бараат своето место. Главниот јунак, Јане не може да се пронајде и да најде заеднички збор со никој во семејството, зашто таму владеело сивило и монотонија. Преку описот на само еден ден, тој го опишува целото свое детство каде сите останати денови биле идентични едни на други. Сиви и досадни. Ништо не се случувало и како да застанало самото време. Тоа нему не му се допаѓа сака нешто повеќе, не прифаќа монотонија. И тој  опишан ден во самиот роман тој го доживува многу лошо, бидејќи и покрај присуството на дел од неговите домашни тој бил игнориран, никој ништо не му зборувал и само се сопнувале од него. Тој едноставно се чувствува невидлив, незабележлив, исто како да не постои и тоа не му се допаѓа. Затоа тој има само уште две можности каде што може да се докаже, а тоа се училиштето и улицата. На него преостанува да реши за што ќе се определи. Значи неговото незадоволство и желбата за нешто ново и поинакво го тера постојано да истражува сè додека не го пронајде она вистинското. Во наредната фаза тој смета дека спас може да најде во училиштето. Во продолжение е опишано и училиштето кое е претставено како многу здодевно, а професорите во него се анегдотски па дури и карикатурно прикажани и опишани, бидејќи сите се здодевни, бавни, неинтересни, а во исто време премногу строги. Тој чувствува дека се недопирливи. Не може да очекува од нив одреден совет. Тој дури одредени професори по одредени предмети ги исмејува и се чувствува разочарано бидејќи и ова место е непогодно за изградување на неговата личност. Значи преостанува само улицата. Тука дефилираат само негативни ликови кои се на работ на егзистенцијата, злото и на ужасното. Јане влегува во неколку опишани мрачни случки заедно со уличната банда, но и тогаш сфаќа дека за него приоритет е книгата. Тоа е неговото главно орудие. Желбата да доживее нешто несекојдневно е неговиот единствен мотив за ваквиот живот и не е социјално обусловен(за разлика од другите ликови). При учеството во акциите, тој постојано е свесен за границата меѓу доброто и злото. Тој по извршеното дело секогаш се чувствува лошо, изиграно, наместено и наместо исполнето и авантуристички како што очекува на почетокот, тој е разочаран. Тој се кали на улицата, но никогаш вистински не ѝ припаѓа. На крај, сфаќа дека тоа не е неговиот простор за живот и затоа го напушта. По сè изгледа, Јане осознава некои работи и созрева,  а со тоа изградува и свој идентитет.

„Ѕвездени перничиња“[18] е збирка раскази-сказни за деца во која има 13 сказни, за секој месец од годината и сите тие носат длабоки морални поуки за децата. Издвојувајќи некои од ние, ќе се задржиме на првата, „Сказна за

---

[17] Славко Јаневски, Улица, Детска радост, Скопје, 2004.

[18] Славка Манева, Ѕвездени перничиња, Детска радост, Скопје, 2005.

вџашената принцеза". Оваа сказна раскажува за една разгалена принцеза која не знаела да ги извршува домашните задачи и везден седела покрај прозорецот, а сите луѓе што поминувале морале да ѝ се поклонат. Нејзиниот татко секогаш ѝ велел: „*Дете мое, па ти нема ништо да знаеш... Подоцна ќе се срамуваш поради тоа*". Преку ваква сказновидна форма, авторот на децата им пренесува поуки важни за развивање на нивните работни навики.

„Сказна за жалната врба" раскажува за љубовта и почитта помеѓу братот и сестрата кои додека живееле заедно се заколнале еден на друг дека вечно ќе се сакаат и ќе си помагаат: „Јас се колнам дека ќе ти помагам секогаш кога ќе бидеш во неволја. Ако не – камен да се сторам! " „И јас се колнам дека секогаш ќе те сакам и нема никогаш да те излажам. Ако не – дрво да се сторам!". Сестрата се мажи и доаѓа по долго време, тажна и овената: „Што се случило со тебе, мила моја сестро? Што мака имаш, та си ослабнала олку?" Сестрата не му ја открила макатa на братот и како што ветила дека ќе се стори така и било, се сторила во врба. Авторката Манева оваа сказна ја раскажува како еден вид на легенда која останала уште од одамна. Дрвото се уште се нарекува и „жална" врба бидејќи било идентично на душевната состојба на младата девојка. Овде акцентот е ставен на несебичната љубов помеѓу братот и сестрата и жртвувањето на сестрата за да го поштеди братот од непријатости се транформира во врба. „Сказната за цвеќето омајниче" има слична содржина со народната сказна „Девојчето и дванаесте месеци" и класичната народна сказна „Пепелашка". Во еден ваков тип на посвојувачко семејство во кое биолошката мајка е почината, маќеата го измачувала девојчето на сопругот додека нејзиното го гледала како некој скапоцен предмет. Вредното девојче се заљубило со овчарчето, а тоа го приметила и злобната маќеа: „Ами доведи го, ќерко, да го видам дали ти прилега убавината и умот–рекла таа", но не го направила тоа со добри намери туку со цел да ја уништи нивната љубов. „Сказна за светулките" е подарок од Јуни. Оваа сказна раскажува за строгоста на еден татко кон неговата ќерка. Девојката не можела да ја издржи тортурата во едно такво семејство и побегнала во шумата. Била премногу воодушевена од светлината и убавините во природата. Кога дознал татко ѝ ја преколнал да стане ноќна самовила. Иако оваа сказна не пружа некоја добра педагошка поука (напуштање на родителскиот дом), таа истовремено им укажува на родителите на одредени педагошко-психолошки обрасци на однесување во рамките на семејството.

„Седмичка малата вештеричка"[19] е роман од Славка Манева во кој преку една сказновидно-фантастична тема, темата на вештерките, авторот ни ги открива семејните вредности кои треба да се негуваат во семејството, иако понекогаш сѐ наоколу налага да се постапи поинаку. Седмичка е мала вештерка која живеејќи во светот на вештерките мора да се однесува како и сите останати од нејзиниот род, но со неа тоа не е случај. Во делото гротескно зазвучуваат деловите каде се кажува дека во вештерскиот род има сѐ што има и во нашиот-човековиот: спортски натпревари и модни ревии, а од друга страна заради физичкиот изглед Седмичка не е прифатена од својот род, поточно таа е осудена на потсмев заради тоа што прилега на човечко, а не на вештерско дете. И работните навики на вештерките не се во согласност со она на што ги

[19] Славка Манева, Седмичка малата вештеричка, Детска радост, Скопје, 2001.

поучуваме нашите деца, но користејќи го методот на опозиција, авторката го постигнува вистинскиот ефект, одбивност кон нечистотијата и негување на работни навики: „Куќите не се метат и не се чистат никогаш, зашто вештерките не ги сакаат чистотата и уредноста. Колку е куќата понечиста, толку се смета за поотмена во вештерскиот род (8); „Вештерскиот град прекуден одекнува од кавги, тепаници и клетви...Низ собата летаат капаци, тенџериња, тави (10).

Во романот „Киндер квачка“, Киро Донев на децата им ја доближува сликата за едно нуклеарно современо семејство, тесно поврзано со бабата и дедото кај кои внукот заминува на летен распуст. Во романот „Киндер квачка“ од Киро Донев се среќава ликот на дедо Илија, кој откако заминува во пензија, како да не знае што да прави со себе, па наоѓа утеха во природата, нејзините убавини и законитости. Тој преку зборови и дела се обидува да развие еколошка свест и љубов кон природата кај својот внук: ,,Зошто да береме повеќе отколку што ни е потребно? Природата, внучко, не ги сака натрапниците, оние што одат во уништувачки походи на нејзините природни богатства. На нејзината богата трпеза, има место и храна за секого, речиси, во сите годишни времиња. Но, секој треба да си земе само толку, колку што му е доволно да се прехрани, да опстане, а и да остави од тоа и за оние што ќе дојдат по него...Само оној кој ја почитува природата, кој ја брани и ја чува, оној кој не ја нарушува нејзината рамнотежа и ги почитува нејзините непишани закони само тој има право да ги користи нејзините добра!“(стр.79).[20] Дедо Илија е необичен човек, кој секогаш наоѓа прибежиште во природата, нејзините убавини и богатства. Ги познава тајните на лековитите билки, па постојано трага по нив. Тој е човек од науката, "жива енциклопедија што оди", но и човек близок на природата, близок на детските палавости.

„Ден потоа“[21] е роман од Васил Тоциновски кој е еклатантен пример за тоа како социјалните промени и турбуленции во општеството се реперкуираат врз семејството и изместувањето на семејните вредности. Тоа е едеен од оние романи кои се ориентирани кон живеењето на современиот млад човек. Во него, преку интересна опсервација на секојдневните активности на група млади, се прикажани дилемите со кои се соочуваат младите во современото бурно живеење. Значајно место заземаат и секојдневните социјални и економски движења во општеството се реперкуираат и врз семејниот и емотивниот живот на младите. Авторот зафаќа актуелни настани кои ја зафатија нашата држава по осамостојувањето: приватизацијата, отпуштањата од работа, безработицата и рефлесијата на сите тие настани врз луѓето, особено семејствата. Во тешките времиња на транзицијата, се случија распади на многу семејства. Многу деца и младинци останаа на улица, препуштени сами на себе. Многу од нив најдоа излез во безизлезот, но голем број и пронајдоа нови, погрешни патишта. На една таква крстосница ќе се најде и Јованче, главниот лик на романот, чија мајка со своето неморално живеење го принудува да се оддалечи од неа. Грижата за него ја презема студентот Дарко и го спасува од многу опасности на улицата, а со тоа запаѓаат во опасни ситуации. Од тие причини, во романот има мноштво зборови со погрдно значење, навреди и

[20] Киро Донев, Киндер квачка, Детска радост, Скопје, 2002.
[21] Васил Тоциновски, Ден потоа, Детска радост, Скопје, 2001.

закани: „посерковци никакви“(11), „злобник“(16), „арамија“(22), „крадец“(23), „дркаџијо“(26), „мочко низаеден“, „мочковци како тебе“, „глупчо“, „мрсулко“(36), итн.

Во романот *Куќичката со бела шамија* од Михо Атанасовски „дејството се одвива во околните места на Скопје за време на окупацијата на Македонија...Станува збор за еден вид роман-огледало на состојбите и големите херојства на малите херои. Во тоа огледало се одразени борбените и други акции, но исто така и внатрешната драма на јунаците. И, не е тоа само роман за преживеалиците на браќата Мите, Столе и Владе, наречени *угурсузи* од тетка им кај која се засолнети по заминувањето на нивните родители во партизани, наречени и *чкембари* од селските деца“[22] (Китанов, Марјановиќ 2007:382). Во романот се дава убав пмрер за семејство кое ја губи својата првобитна форма заради отсуството на биолошките родители, но децата не се препуштени сами на себе, туку ја менуваат семејната средина во која нивните семејни вредност (патриотски, социјални, морални) се зајакнуваат уште повеќе. Тоа е роман во кој во времетраење на две зими децата израснуваат во сериозни млади луѓе на кои им се доверуваат и сериозни партизански акции. Притоа, тие доаѓаат во судир и со окупаторите, но и со домашните предавници.

Во романот *Скалила* одКата Мисиркова Руменова се дава слика на растењето и созревањето на детето. Насловот на романот асоцира на тоа растење, кога неосетно се совладуваат скалилата на животот, едно по едно, тешко, но упорно, а секој ден носи нови сознанија. Главниот лик, момчето Боро е оставен сам да ги совладува сите дилеми кои го мачат. Боро е „единец на ситуирани и амбициозни родители; мајка му е педијатар во клиниката за детски болести, а татко му е директор на едно увозно-извозно претпријатие“. Родителите на Боро постојано се отсутни, мајката „си мести дежурства и постојано е на фризер или шивач“, а таткото е „неуморен“ патник за Алжир, Сингапур, Кина“[23] (Китанов 2007:11). Ако има недостаток од емоционална подршка и недоволна или несоодветна грижа за детето во најраната фаза од неговиот развој, постојат реално големи шанси за нарушување во однесувањето на детето во време кога ќе тргне на училиште.[24] Оставен сам на себе, и на грижата на домашната помошничка, Боро се свртува кон улицата, каде ќе зацврсне, ќе запознае различни типови, луѓе и карактери, ситни криминалци, но и добриот збор на уметникот Апостол, а се разбира, ќе ги почувствува и првите љубовни трептежи. Иако детето честопати е препуштено само на себе, благодарение на добрите луѓе со кои остварува познанства, каков што е уметникот Апостол, Боро ќе умее во себе да ги зацврсти своите морални сфаќања.

Во романот „Летачкиот човек Пеперут“[25] е прикажан еден заеднички летен одмор на две семејства на двајца другари од детството, кои живеат едниот во Македонија, другиот во Шведска. Тие решаваат летниот одмор со своите семејства да го поминат во Охрид, но старото југо на Бошко се расипува во

---

[22] Блаже Китанов, Воја Марјановиќ, *Литература за деца и млади*, кн.2, Штип, Педагошки факултет Гоце Делчев“, 2007.
[23] Блаже Китанов, *Литература за деца*, Штип, Педагошки факултет „Гоце Делчев“, 2007.
[24] Emilija Petrova Gjorgjeva, Snezana Kirova, Family structure and Behavior Disorders in Students in Primary Education in Macedonia, International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 18,1, 8-32, http://eprints.ugd.edu.mk/11206/
[25] Летачкиот човек Пеперут, Велко Неделковски, Детска радост, Скопје, 2005.

близина на реката Радика и тие се принудени да застанат и да преноќат таму. Восхитени од убавините на пејсажот се залогоруваат и она што првобитно требаше да биде една ноќ, се претвора во неколкудневен одмор. Во еден таков прекрасен и чист амбиент нормално е што најпрвин се зародува пријателство меѓу средношколецот Томец и осмооделенката Инге, кое отпрвин е исполнето со ситни боцкања, но постепено преоѓа во прва симпатија. Авторот се ангажира да го прикаже моментот на иницијалното раѓање на љубовта и нејзино негување и одржување. Тој покажува извонредна агилност во задачата која си ја поставил, преку појавата на фантастичниот Пеперут кој во ова дело е симбол на љубовта. Пеперут ја носи во себе пораката за меѓусебна толеранцира, мир, љубов и хармонија. Пеперут ја отелотворува мислата дека кога се работи за меѓусебна толеранција, хуманизам, почит кон природата, кон луѓето – не постојат бариери. Зашто, љубовта и грижата кон сѐ живо на планетата Земја, треба да биде примарна цел на сите нас.

## 4. Заклучни согледби

Од разгледаните романи, напишани од современи македонски автори, мошне евидентно е дека во македонската литература за деца и млади се посветува големо внимание на пишување на дела во кои се истакнуваат позитивните вредности на семејството, особено негување на позитивните семејни вредности. Во литературата за деца честопати се портретираат ликови на деца сираци, напуштени деца, посвоени деца и сл. и заедничко кај сите нив е што најчесто тие се насликани како "проблематични" индивидуи, кои имаат одредени емоционални или проблеми во однесувањето, можат често да почувствуваат бес, страв, вина, срам. Секако дека сите деца заслужуваат да имаат семејство кое ќе ги сака и ќе се грижи за нив[26], па затоа и при толкувањето на дела од книжевноста за деца и млади во училиштето, наставниците треба да посветат посебно внимание на овие теми.

Се разбира, дека согласно современите глобални социо-културни, културолошки и економски промени доаѓа до изместување на семејната структура, а со тоа и на семејните вредности, или барем нивна трансформација во поинаков вид. Тоа резултира со сѐ поголем број на разводи, на необврзувачки/неформални семејни заедници, истополови бракови и сл.  Од тие причини, денес во социологијата, антропологијата, психологијата и други науки, сѐ повеќе се посветува внимание на прашањето на меѓусебните односи меѓу членовите на семејството.

## ЛИТЕРАТУРА


1. Донев, К. (2002). Киндер квачка, Детска радост, Скопје.
2. Друговац, М. (1996). Книжевност на безусловниот континуитет, во кн. Македонската книжевност за деца и младина, Детска радост, Скопје.
3. Јаневски, С. (2004). Улица, Детска радост, Скопје.
4. Китанов, Б. (2007). Литература за деца, Штип, Педагошки факултет „Гоце Делчев“.


[26] Ruth Lyn Meese, Modern Family: Adoption and Foster Care in Children's literature, The Reading Teacher, Inaternational Literacy Association, Vol.66, 2012, p. 129-137. http://www.readcube.com/articles/10.1002%2FTRTR.01112?r3_referer=wol&tracking_action=preview_click&show_checkout=1&purchase_referrer=onlinelibrary.wiley.com, пристапено на 23.08.2015

5. Китанов, Б., Марјановиќ, В., (2007). Литература за деца и млади, кн.2, Штип, Педагошки факултет Гоце Делчев“.
6. Манева, С. (2001). Седмичка малата вештеричка, Детска радост, Скопје.
7. Манева, С. (2005). Ѕвездени перничиња, Детска радост, Скопје.
8. Meese, R. L. (2012). Modern Family: Adoption and Foster Care in Children’s literature, The Reading Teacher, Inaternational Literacy Association, Vol.66, p. 129-137.
9. Мисиркова-Руменова, К. (2001). Бубреже, Детска радост, Скопје.
10. Неделковски, В. (2005). Летачкиот човек Пеперут, Детска радост, Скопје.
11. Panasenko, N (2013). "Czech and Slovak Family Patterns and Family Values in Historical, Social and Cultural Context". Journal of Comparative Family Studies **44** (1): 79–98.
12. Petrova Gjorgjeva, E.,Kirova, S. (2014). Family structure and Behavior Disorders in Students  in Primary Education  in Macedonia, International Journal of Sciences: Basic and Applied Research, 18,1, 8-32, http://eprints.ugd.edu.mk/11206/
13. Подгорец, В. (2001). Белото циганче, Култура, Скопје.
14. Поповски, Г. (1984). Сказна за Вилен, во кн. Сказни, Детска радост, Скопје.
15. Поповски, Г. (2001). Заборавениот колосек, Детска радост, Скопје.
16. Прличев, Г. (2003). Сердарот. Автобиографија, Матица македонска, Скопје, 2003.
17. Singh, N.N., Ollendick, T.H., Singh, A.N., (2002). International perspectives on child & adolescent mental health, Vol.2, Elsevier Science, Oxford.
18. Тоциновски, В. (2001). Ден потоа, Детска радост, Скопје.
19. Цацков, Д. (1982). Литература за деца и млади, НИО „Просветен работник“, Скопје.

Интернет извори

1. http://family.lovetoknow.com/definition-family
2. http://family.lovetoknow.com/about-family-values/types-family-structures, пристапено на 18.08.2015
3. http://dictionary.reference.com/browse/family+values.
4. "family values". *Merriam-Webster*. Merriam-Webster, Inc., пристапено на 18.08.2015.
5. *Oxford Dictionaries*. Oxford University Press, пристапено на 18.08.2015
6. http://family.lovetoknow.com/list-family-values, пристапено на 15.08.2015
7. http://www.parentiq.com/news/DefiningYourFamilyValues.asp, пристапено на 15.08.2015
8. http://www.readcube.com/articles/10.1002%2FTRTR.01112?r3_referer=wol&tracking_action=preview_click&show_checkout=1&purchase_referrer=onlinelibrary.wiley.com, пристапено на 23.08.2015